# ИЗВЕСТУВАЊЕ

СОГЛАСНО НОВИОТ **ЗАКОН ЗА СУДСКИ ТАКСИ** ОБЈАВЕН ВО СЛУЖБЕН ВЕСНИК БР. 114/09 ОД 14.09.2009 г.,А ВЛЕГУВА ВО СИЛА НА ДЕН 22.09.2009 ВО КОЈ ЗАКОН ЗА ОПРЕДЕЛЕНИ ДЕЈСТВИЈА Е ОДРЕДЕНА СЛЕДНАТА ТАКСА:

1. ЗА РАЗГЛЕДУВАЊЕ НА АРХИВИРАНИ СУДСКИ СПИСИ, СЕ ПЛАЌА ТАКСА ВО ИЗНОС ОД **240 ДЕНАРИ** СОГЛАСНО ТАРИФЕН БРОЈ 23.
2. ЗА МОЛБА(ПИСМЕНА ИЛИ УСНА) СО КОЈА СЕ БАРА ЗАВЕРКА НА ПОТПИС (РАКОЗНАК), РАКОПИС, ПРЕПИС ИЛИ ПРЕВОД, СЕ ПЛАЌА ТАКСА ВО ИЗНОС ОД **100 ДЕНАРИ**, СОГЛАСНО ТАРИФЕН БРОЈ 10 Т.1.
3. ЗА ПРЕПИШУВАЊЕ НА СУДСКИ АКТИ СЕ ПЛАЌА ТАКСА ВО ИЗНОС ОД **80 ДЕНАРИ** ЗА СЕКОЈА СТРАНА ОД ОРГИНАЛОТ, ЗА СЕКОЈ НАТАМОШЕН ПРИМЕРОК СЕ ПЛАЌА ТАКСА ОД **40 ДЕНАРИ** ЗА СЕКОЈА СТРАНИЦА, ПРЕПИС НЕ СЕ ИЗДАВА АКО ТАКСАТА НЕ Е ПЛАТЕНА.
4. ЗА ЗАВЕРКА НА ФОТОКОПИЈА НА ДОКУМЕНТ, ЗА СЕКОЈА СТРАНИЦА СЕ ПЛАЌА ТАКСА ВО ИЗНОС ОД **100 ДЕНАРИ**.
5. Ако судот прими поднесок од странка, за кој не е платена такса или таксата не е платена целосно или ако странката не доставила потврда за платената такса која се плаќа во готови пари, судот на подносителот ќе му достави налог за плаќање на таксата со укажување дека е должен да ја плати во рок **од 5 дена** од денот на приемот на налогот и воедно ќе ја предупреди странката за последиците од неплаќање на таксата чл.27 т.1 од овој закон.
6. Ако таксениот обврзник не ја плати таксата во рокот определен со членот 27 од овој закон, судот во рок од **3 дена** ќе побара од Управата за јавни приходи на чие подрачје таксениот обврзник има живеалиште(седиште), таксата да се наплати по присилен пат, а на списот ќе забележи дека од

наведениот орган е побарана присилна наплата, член 30.т.1.од овој закон.

7. За опомена со која некој се повикува да плати такса што бил должен да ја плати и без опомена, се плаќа такса во износ од **160 денари,** тарифен број 30.
8. Таксените марки се лепат на поднесокот, односно на судскиот спис и се поништуваат според посебните прописи за поништување на таксените марки. Кога таксата треба да се плати во готови пари, таксениот обврзник ја приложува потврдата за платена такса кон поднесокот, односно судскиот спис за кое е платена таксата, а подносителот е должен посебно да назначи за која одлука се наплаќа таксата, член 5, т. 3 и 4 од овој закон.
9. Нецелосно платената или неплатената такса **го задржува текот на судската постапка,** ако со овој или друг закон поинаку не е определено, член 6 овој закон.
10. Таксите се плаќаат во таксени вредносници (судски таксени марки) во износ од **200 денари**, а над овој износ се плаќаат во готови пари на соодветна уплатна сметка во рамките на трезорската сметка, член 5 од самиот закон.
    - НАЗИВ НА ПРИЕМАЧОТ **БУЏЕТ НА Р.М**
    - БАНКА НА ПРИЕМАЧОТ **НАРОДНА БАНКА НА РМ**
    - СМЕТКА НА ПРИЕМАЧОТ **100000000063095**
    - УПЛАТНА СМЕТКА **840-***-03359**(трите ѕвездички се однесуваат на шифрата на општината во која што подносителот е жител или има седиште).
    - ПРИХОДНА ШИФРА 722213 за физички лица или 722211 за правни лица.

Од Управата